## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6544 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 18 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.“*
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.“*
- **Член 75-б од Изборниот законик**
*„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Извештајот за програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, кој емитува програма на македонски и на албански јазик, на регионално ниво (Д6), се однесува на периодот на изборната кампања, од 21 ноември до 9 декември 2016 година. Во согласност со Методологијата, анализата на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии е направена врз деветнаесет изданија на Дневникот во 20 часот, освен на 7 декември, кога вестите се поместени во 21 часот, поради пренос на свечена академија. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 4 часа 47 минути и 6 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Влада на РМ | 00:04:44 | 34.89 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:32 | 11.30 | % |
| Други субјекти | 00:01:48 | 13.27 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:24 | 10.32 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:28 | 18.18 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:38 | 12.04 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:13:34** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Граѓански сектор | 00:11:03 | 21.52 | % |
| Без субјекти | 00:11:11 | 21.78 | % |
| ДИК и други органи | 00:11:01 | 21.45 | % |
| Други субјекти | 00:07:18 | 14.22 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:40 | 7.14 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:13 | 2.37 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:32 | 1.04 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:32 | 1.04 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:16 | 0.52 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:16 | 0.52 | % |
| Либерална партија | 00:00:08 | 0.26 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:08 | 0.26 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:08 | 0.26 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:08 | 0.26 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:24 | 0.78 | % |
| Беса | 00:00:08 | 0.26 | % |
| Левица | 00:00:08 | 0.26 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:07 | 6.07 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:51:21** | **100** | **%** |

| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:43:09 | 46.91 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:22:15 | 37.41 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:32:30 | 14.78 | % |
| Левица | 00:01:58 | 0.89 | % |
| | Вкупно за тема: 03:39:52 | 100 | % |
| | Вкупно: 04:47:06 | | |

Најголем дел од прилозите во вестите се посветени на изборните кампањи на политичките партии и коалиции. Овој дел од прилозите во кои преку информативни жанрови се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 3 часа 39 минути и 52 секунди (Табела 1). Од овој сегмент од вестите се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите. Исто така, треба да се има предвид дека ТВ О2 емитува програма на подрачјето на Изборната единица број 5, каде се натпреваруваа сите учесници во изборна кампања, освен ПДП.

ТВ О2 информираше само за активностите од кампањите на четири учесници во изборниот процес. Најмногу време одвои за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 1 час 43 минути и 9 секунди (46,91%); а потоа за Коалицијата предводена од СДСМ - 1 час 22 минути и 15 секунди (37,41%); за Коалицијата ВМРО за Македонија - 32 минути и 30 секунди (14,78%); и за Левица - 1 минута и 58 секунди (0,89%).

За активностите на власта е информирано во прилози со траење од 13 минути и 34 секунди (Табела 1) каде што беа опфатени информациите за средбата на премиерот Димитриев со членовите на ДИК; за руралните развојни зони што ги најавува министерот Миноски; за неговата посета на компанијата Екошпар; отворањето на нови работни места во инвестицијата ОДВ Електрик; и во прилогот за вработувањата во ТИРЗ: „Голем број вработувања во ТИРЗ", каде покрај Виктор Мизо, директорот на ТИРЗ, директно обраќање има и од Сашо Василески, кандидат за пратеник од ВМРО ДПМНЕ.

Прилозите за другите теми поврзани со изборите, а кои се обработени преку информативни жанрови, претставуваат 51 минута и 21 секунда од вестите (Табела 1). Во овој сегмент, најмногу време е отстапено за категоријата "без субјекти" - 11 минути и 11 секунди (21,78%), потоа за граѓанскиот сектор - 11 минути и 3 секунди (21,52%) и за ДИК - 11 минути и 1 секунда (21,45%). Нема други категории со застапеност поголема од 10 минути (Табела 1). Прилозите се однесуваат на следниве теми: „На денот на изборите нема веќе обележување со фломастери", „Изборите ќе ги следат 4.706 набљудувачи и 60 странски новинари", „ДИК ќе прави нови 3480 печати", „ДИК го заклучи избирачкиот список", „Преземени сите мерки за спроведување на изборите", „Се дистрибуира изборниот материјал", „Избирачкиот материјал доставен до ОИК", „Стружани против идеите на Заев за двојазичност и федерализација", „Стружани се убедени дека ВМРО ДПМНЕ ќе победи на изборите", „Огромна предност на ВМРО ДПМНЕ на две недели пред изборите", „Анкета на Брима Галуп", „Истражување на Павел Шатев", „Египќаните против федерализација", „Годишен собир на Египќаните", „Египќаните да гласаат за ВМРО ДПМНЕ". Овој дел содржи и анкети спроведени на терен со граѓаните во врска со теми поврзани со кампањите на партиите и изборите. Странските политичари се застапени преку прилогот за Српската партија ДВЕРИ, преземен од *Република,* каде е пренесено интервју со Срѓан Ного во врска со кампањата на СДСМ: „Српската партија ДВЕРИ ја потврди кражбата". Неколку прилози се одвоени за изјавите на претседателот Иванов поврзани со изборите. Минутажата одвоена за учесници во изборниот процес во овој сегмент од вестите произлегува од прилог за најава на изборната кампања и за активностите на учесниците.

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за Коалицијата предводена од СДСМ – 43 минути и 10 секунди (38,03%), потоа за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 36 минути и 27 секунди (32,11%), и за Коалицијата ВМРО за Македонија - 17 минути и 33 секунди (15,46%). Нема други субјекти со застапеност поголема од 10 минути (Табела 2).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 02 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:36:27 | 32.11 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:43:10 | 38.03 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:17:33 | 15.46 % |
| Влада на РМ | 00:02:29 | 2.19 % |
| Локална самоуправа | 00:01:03 | 0.93 % |
| ДИК и други органи | 00:03:37 | 3.19 % |
| Граѓански сектор | 00:02:25 | 2.13 % |
| Левица | 00:00:57 | 0.84 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:22 | 1.20 % |
| Други субјекти | 00:01:35 | 1.40 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:02 | 0.91 % |
| Претседател на РМ | 00:01:50 | 1.62 % |
| | **Вкупно: 01:53:30** | **100 %** |

Телевизијата емитуваше еден авторски коментар со времетраење од дополнителни 2 минути и 19 секунди, кое не е дел од времето прикажано во Табела 1. На 27 ноември 2016 година, емитуваше прилог насловен „Голем митинг на ВМРО ДПМНЕ во Скопје" во кој медиумот ги коментираше митингот на ВМРО ДПМНЕ и политиката на Зоран Заев:

> *„Студеното време не успеа да ги спречи 80.000 Македонци од цела Македонија да дојдат во Скопје на централниот сенароден митинг на владејачката Коалиција за подобра Македонија и да им дадат поддршка на политиките кој гарантираат подобар живот, сигурност, унитарност и единственост на Македонија и македонскиот народ. На собирот ќе биде упатена јасна порака дека народот на 11 декември, ќе гласа за проектите, а не за деструктивната политика за која се залага Зоран Заев. Во преден план ќе биде програмата на ВМРО ДПМНЕ – „Реално", во која има мерки за подобрување на инфраструктурата, намалување на невработеноста, субвенции за земјоделците, мерки за младите да дојдат до сопствен дом и сл."*

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

На 2 декември во 21 часот и 17 минути, во емисијата *Отворено студио* емитувано е интервју со Владимир Пешевски, вицепремиер за економски прашања, кој беше во работна посета на Охрид, а се разговараше за инвестицијата ОДВ Електрик и вработувањата во фабриката.

***Други програми***

Во изборниот период, прикажан е документарецот „Светот на Сорос" од два дела. Првиот и вториот дел се премиерно емитувани на 30 ноември 2016 година, со неколку репризи во периодот од 1 до 9 декември. Сценаристи на документарецот се: Цветин Чилиманов, Бранислав Саркањац и Александар Русјаков, додека во филмот говорат аналитичарите, новинари и професори - Мирка Велиновска, Драган Павловиќ Латас,

Татјана Каракамишева, Бобан Нонковиќ, Миленко Неделковски, Владимир Божиновски, Зоран Витанов, но и неколку странски аналитичари и новинари.

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година, на ТВ О2 емитуван е еден прилог во кој известувањето за редовни активности на државни органи е во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект:

***Дневник во 20 часот 2.12.2016***

20:04:34-20:07:50 - „Голем број вработувања во ТИРЗ" - прилогот се однесува на зголемувањето на вработувањата во ТИРЗ, каде покрај Виктор Мизо, директорот на ТИРЗ, директно обраќање има и Сашо Василески, кандидат за пратеник од ВМРО ДПМНЕ, кој го потенцира фокусот на програмата „Реално!" на ВМРО ДПМНЕ на технолошко развојните зони во Охрид.

***Сектор за програмски работи***